ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-5656/2
Дата, Data 26-06-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација -Скопје, Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата десетта седница, одржана на ден 26.06.2026 година донесе

# УПАТСТВО
## за работа на комисија за спорни сметки

Комисијата има за задача да ги решава поднесените барања од корисниците на ЈП Водовод и канализација-Скопје што се однесуваат на спорни сметки со специфични ситуации кои излегуваат надвор од редовното работење на Секторот Наплата.

За спорни сметки се сметаат оние сметки кои поради својата тежина излегуваат надвор од надлежноста на Секторот Наплата. Доколку предмет на барањето не е специфичен или спорен случај (дефект и слично), по барањето се должни да постапат соодветните одделенија особено во делот доколку постои основа за сторнирање.

Комисијата за спорни сметки ке ги разгледува и решава САМО случаите доколку се работи за специфичен и спорен случај и тоа:

- Сметки настанати поради дефект на водоводната инсталација на корисникот
- Корекција на сметки за потрошена вода по цена без канализација
- Корекција на сметки за корисници на постојана парична помош

Во својата работа комисијата е должна да се придржува кон следните правила:

1. **Сметки настанати поради дефект на водоводната инсталација**.

Одделението за наплата стопанство и Одделението за наплата домакинства, се должни да извршат контрола дали дефектот е саниран.

За сметка настаната поради дефект претходно утврден од Одделението за наплата стопанство или од Одделението за наплата домакинства, комисијата има право да одобри најмногу до 50% од вкупниот износ на спорната сметка, и тоа:

- За корисници од категорија домаќинства:
- Сметка од 100 до 500m³ може да се одобри 20%
- Сметка од 501 до 900m³ може да се одобри 30%
- Сметка од 901 до 1200m³ може да се одобри 40%
- Сметка над 1200m³ може да се одобри 50%

- За категорија останати корисници:
- Сметка од 100 до 500m³ може да се одобри 10%
- Сметка од 501 до 900m³ може да се одобри 15%

- Сметка од 901 до 1200m³ може да се одобри 20%
- Сметка над 1200m³ може да се одобри 25%

**2. Корекција на сметки за потрошена вода по цена без канализација**

За барањата од корисници со кои се бара да се корегираат сметки за потрошена вода по цена без канализација, комисијата може да одобри ваква корекција на сметките за период од една година пред поднесување на барањето. Кон барањето подносителот задолжително треба да достави потврда од пунктот од соодветниот реон на кој се наоѓа објектот дека истиот не е приклучен на јавната канализациона мрежа.

**3. Категорија на корисници на постојана парична помош**

За корисниците на постојана парична помош кои навремено не донеле потврда од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи дека се корисници на постојана парична помош, комисијата може да одобри корекција на сметките согласно одлуката за ослободување од плаќање на дел од потрошената вода на корисници кои примаат постојана парична помош донесена од Управниот одбор на претпријатието, за период од една година пред доставувањето на потврдата.

*Поднесените барања до комисија за спорни сметки пред да се достават до комисијата на разгледување и одлучување, Одделението за наплата-домаќинства и Одделението за наплата стопанство се должни во рок не подолг од 8 дена да проверат дали корисникот ги има ажурирано личните податоци и има склучено Договор за водоснабдување, како и да ги прибават сите релевантни податоци и докази кои можат да влијаат за донесување на одлука од страна на комисијата и така комплетираниот предмет да го доставаат до комисијата на разгледување и одлучување.*

*Доколку корисникот ги нема ажурирано личните податоци и нема склучено Договор за водоснабдување, барањето нема да биде разгледувано од комисијата за спорни сметки.*

*Корисникот има право да поднесе барање за корекција на сметка по Точка 1 од ова Упатство, најдоцна до крајот на наредниот месец од месецот за кој се однесува сметката која е предмет на барањето. Барањата поднесени по овој рок нема да бидат разгледувани од комисијата за спорни сметки.*

Со донесување на ова Упатство, престанува да важи Упатството за работа на комисијата за спорни сметки бр.0201-10396/5 од 12.08.2014 година и Упатството за измена на Упатството за работа на комисијата за спорни сметки бр.0202-2115/4 од 20.02.2018 година.

УПРАВЕН ОДБОР
в.д. Претседател
Милена Крстева

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ
NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI SHKUP